

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на
Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

13.11.2026 година

бр.14 година 61
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015, 10/2021 и 10/2026) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Планот на програми за развој во Општина Ресен за 2027-2029 година

Се објавува План на програми за развој во Општина Ресен за 2027-2029 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на ден 13.11.2026 година.

Бр.09-3186/1
13.11.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите „Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 3/25) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“,бр. 07/10, 13/13, 8/15, 11/15, 10/2021 и 10/2026) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Л А Н Н А П Р О Г Р А М И З А Р А З В О Ј
во Општина Ресен за 2027 - 2029 година

Вовед

Со цел подобрување на квалитетот на живот се предвидуваат инвестициони активности од развоен карактер во согласност со стратешките документи на Општина Ресен во период 2027-2029 година и истите ќе се реализираат преку соодветни годишни програми.

Планот на програми за развој се состои од инвестиции распределени во следните области:

1. Урбанистичко планирање
2. Изградба на објекти
3. Изградба на системи за водоснабдување
4. Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни фекални води
5. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици
6. Локален економски развој и прекугранична соработка
7. Други комунални работи (Чистење на речните корита)
8. Заштита на животна средина
9. Дигитална инфраструктура и услуги

1.Во рамките на активностите за урбанистичко планирање планирани се следните активности:

1.1 Изработка на урбанистичко планска документација на туристичките населби Претор, Отешево, Царина, с.Стење и авто-камп Крани

Оваа активност предвидува изработка на урбанистичко планска документација за воспоставување и уредување на туристичките населби Претор, Отешево, Царина, с.Стење и авто-камп Крани.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2027-2029 година.

1.2 Ажурирање на веќе постоечката урбанистичко-планска документација

Оваа активност предвидува ажурирање на веќе постоечката урбанистичко-планска документација, ажурирање на ГУП, донесување на ДУП за урбаните единци на градот Ресен, измена и дополнување на Деталните Урбанистички Планови како и изработка на урбанистичко планска документација за селските населби.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2027-2029 година.

1.3 Изработка на урбанистичко-планска документација за стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на јаболка

Оваа активност предвидува изработка на на урбанистичко-планска документација за стопански комплекси за откуп, складирање, преработка и дистрибуција на јаболка, со што ќе се овозможи изградба и отпочнување со работа на два нови стопански комплекси.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2027-2029 година.

2. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на објекти планирани се следните активности:

2.1 Изградба на Комплексот „ Финско Село “ м.в. Маркова Нога, КО Долно Дупени - Ресен.

Градежните работи опфаќаат: комерцијални и деловни објекти, хотелски комплекс, викенд куќи и целосна инфраструктура.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од домашни и странски инвеститори.
Временска рамка 2027-2029 година.

2.2 Решавање на проблемот со недостаток на паркинг места

Оваа активност предвидува решавање на тековниот проблем со недостигот на слободни места за паркирање. Активностите за реализација на оваа активност ќе бидат предвидени согласно соодветна техничка урбанистичко планска документација. Организирање на јавните површини за паркирање, изградба на Катна Гаража и соодветна економско-финансиска анализа за воспоставување на зонско паркирање.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски инвеститори.

Временска рамка 2027-2029 година.

2.3 Реконструкција и уредување на основните училишта во Општина Ресен

Оваа активност предвидува реконструкција уредување и опремување на училишните згради, мерки за енергетска ефикасност, хортикултурно уредување и опремување на централните и подрачните училишта на територијата на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, Министерство за образование и наука, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

2.4 Подобрување на спортската инфраструктура и условите за спортување на младите

Оваа активност предвидува продолжување на активностите за спортска сала во основното училиште Мите Богоевски во Ресен, спортска сала во основното училиште Браќа Миладиновци во с. Царев Двор. Снирање, опремување на градскиот стадион, реконструкција и санација на спортски игралишта во градот и туристичките локалитети Претор, Отешево, Стење, авто-камп Крани, изградба на адреналински паркови и зип лајн изработка на физибилити студија за скијачкиот центар Галичица.

Дополнително ќе се превземат активности за развој на спортот на село, реконструкција на спортски терени во селските населби, поддршка на натпревари во старински спортови, традиционални и народни игри, планинарење, адреналински спортови и сл.

Со овие инвестиции ќе се придонесе кон унапредување на спортот и спортските активности во Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, Министерство за образование и наука, Министерството за спорт, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

2.5 Јавно осветлување

Оваа активност предвидува поставување на систем за јавно осветлување на регионалниот пат Р1307 клучката за с.Горно Дупени, учлицата до средното општинско училиште, како и поставување на дополнителни сијалични места каде што нема осветлување.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, Јавното претпиатие за државни патишта

Временска рамка 2027-2029 година Временска рамка 2027-2029 година.

2.6 Партерно уредување на Плоштад Цар Самоил

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција, адаптација на градскиот плоштад

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029година.

2.7 Реконструкција и санација на објекти во функција на развој на културата

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција на објекти со културно историско наследство, санација на Дом на култура Драги Тозија, ставање во функција на сувенирница, спомен соба на Нијази Бej, како и интегрирање на Ресенска керамичка колонија во културно-туристичката понуда на Општина Ресен.

Реконструкција, адаптација и премнамена на објект ,, Стара Пожарна‘‘

Адаптација и санација на објекти за изведување на културни настани како кино салата, амфитеатарот, амбиентално културни сцени во Претор, Сливница, Асамати и Отешево.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

2.8 Унапредување на социјална грижа за ранливите категории на граѓани детска заштита и грижа за стари и изнемоштени лица

Оваа активност предвидува мерки за изградба на детска градинка во рурална средина, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема во постоечките детски градинки, создавање на услови за отварање на старски дом, изградба на детски паркови на територија на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Министерство за транспорт, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

2.9 Адаптација на постоечки објект во младински културен центар

Со оваа активност ќе се допринесе во создавање на квалитетни услови поттикнување на развојот на кретаивни активности и дообразование на младата популација.

Оваа активност предвидува активности за адаптација и опремување на постоечки објект во функција на младински културен центар.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори..

Временска рамка 2027-2029 година.

2.10 Изградба на пропратна инфраструктура за градскиот пазар

Оваа активност предвидува мерки за изградба на пропратна инфраструктура на градскиот пазар, урбана опрема, паркинг простор, настрешници, адаптација, реконструкција, санација на постојната инфраструктура и сл.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори..

Временска рамка 2027-2029 година.

2.11.Мерки за енергетска ефикасност

Оваа мерка предвидува активности за обезбедување на услови за гасификација на стамбени и индустриски капацитети, воведување на субвенции за поставување на фотонапонски панели, субвенции за термофасади, субвенции за инвертер клими, мерки за поефикасно јавно осветлување, како и примена на позитивни примери од ЕУ градови во полето на енергетската ефикасност.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на системи за водоснабдување планирано е следното

3.1 Ресен - реконструкција на водоводната мрежа во град Ресен.

Оваа активност предвидува реконструкција на девет километри од постојната примарна водоводна мрежа од изворите вво с.Крушје до градот Ресен, замена на азбестни цевки и изградба на два километри нова примарна водоводна мрежа во градот Ресен, изградба на куќни приклучоци. Исто така се предвидува поставување на современа мерна и контролна опрема на системот со цел намалување на загубите на вода.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.2 Претор и Асамати- изградба на водоводен систем и обезбедување на дополнителни количини на вода

Оваа активност предвидува изградба на нов систем за водоснабдување и обезбедување на дополнителни количини на вода.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.3 Јанковец - изградба на водоводен систем и обезбедување на дополнителни количини на вода

Оваа активност предвидува изградба на нов систем за водоснабдување. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.4 Сливница – ставање во функција на реконструираниот водовод

Оваа активност предвидува изградба на доводен цевковод од извор до реконструираниот водоводен систем во Сливница. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година..

3.5 Обезбедување на дополнителни количини на вода за централниот градски водовод

Оваа активност предвидува хидротехнички испитувања за изградба на две нови бушотини за обезбедување на дополнителни количини на вода во централниот градски водоводен систем.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.6 Долно Дупени - обезбедување на дополнителни количини на вода

Оваа активност предвидува подготовка на соодветна техничка документација и изведба на техничко решение за обезбедување на дополнителни количини на вода за село Долно Дупени.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.7 Реконструкција и надградба на хидрантската мрежа

Оваа активност предвидува реконстукција и обнова на постоечката хидрантска мрежа како и поставување на нови хидранти на територијата на Општина Ресен.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.8 Набавка и изведба на хлоринатори

Повеќето населени места кои не се вклучени на регионалниот водовот и се снабдуваат со вода за пиење од локални извори, истата не ја хлорираат. Од овие објекти перманентно преку Заводот за здравствена заштита во Битола се зема вода за лабараториска анализа во поглед на хемиската и бактериолошката исправност, при што од лабараторискиот преглед на водата се констатира дека примерокот одговара на Правилникот за безбедноста на водата за пиење, но истата не се хлорира.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

3.9 Изведба на примарна водоводна мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска ударна бригада, Општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 4.218.390,оо денари.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029.

4. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на фекална и атмосферска канализација планирано е следното:

4.1 Стење – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа и ставање во функција изградената пречистителна станица.

Со изградба на овој дел се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица која е изградена на околу 300 м јужно од селото, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа е од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе изнесува 1,60 м и ќе овозможува приклучување на околните станбени и други објекти.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.2 Јанковец - изградба на главен цевковод и секундарни линии за фекална канализација

Со изградба на овој систем се планира канализирање на отпадните води кои се ослободуваат од домаќинствата и другите објекти од селото во . Истите

ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собират во колектори кои фекалните и одпадните води ќе се носат во пречистителна станица.

Финансиски средства за реализација на активноста 19.127.620,28 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.3 Грнчари - изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Грнчари, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води и атмосферските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор, а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Финансиски средства за реализација на активноста 27.069.818 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.4 Подмочани - изградба на фекална канализација

Канализациониот систем во с.Подмочани, предвиден е да биде сепарационен, односно би се одведувале само фекалните води а атмосферските води и понатаму би истекувале слободно.

Водите се прифаќаат гравитационо во еден колектор а кон него се приклучуваат споредните колектори кои тргнуваат од највисоките делови на селото, поминуваат долж постојните улици и попатно се приклчучуваат долж главниот колектор. Заедничкиот колектор минува покрај регионалниот пат Р-505 кон постоечата приклучна шахта на колекторскиот систем што ја носи до пречистителната станица во с. Езерени.

Како најзастапени објекти на канализационата мрежа се ревизионите шахти на кои се приклучуваат објектите.

Финансиски средства за реализација на активноста 24.786.382 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

4.5 Крани и Арвати – изградба на фекална канализациона мрежа за с.Арвати, изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа, ставање во функција изградената пречистителна станица. Со изградба на овој се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од домаќинствата и другите објекти од двете села. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во изградената пречистителна станица која е околу 600 м јужно од село Крани, така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон реката.

Канализационата мрежа е сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

4.6 Претор со туристичка и вилска населба – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа, ставање во функција изградената пречистителна станица.

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од туристичката и вилската населба. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителната станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа е сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

4.7 Долно Дупени– изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа, ставање во функција изградената пречистителна станица.

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителната станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата е од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

4.8 Брајчино – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа, ставање во функција изградената пречистителна станица.

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителната станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа е од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, Буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.9 Сливница – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителна станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото. Канализационата мрежа се предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа ќе овозможува прикличување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата се предвидува да се постават ревизиони и каскадно ревизиони шахти.Финансиски средства за реализација на активноста 37.784.540 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

4.10 Долно Перово – изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа

Со оваа активност се планира да се канализираат отпадните и фекалните води од објектите од селото. Сите отпадни и фекални води ќе се прифатат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори кои водата ќе ја носат во пречистителната станица така што испустот од пречистителните води да можат да се насочат кон езерото.

Канализационата мрежа е предвидува да биде од сепаративен карактер, односно фекална без прифаќање на атмосферските и подземните води. Просечната длабочина на канализационата мрежа овозможува прикличување на околните станбени и други објекти. По должина на трасата.

Финансиски средства за реализација на активноста 2.000.000 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.11 Љубојно – доизградба на фекална канализациона мрежа и пречистителна станица

Со оваа активност се планира да се направи експертска анализа на делумно изградената канализациона мрежа во Љубојно, да се поготви техничка документација за санација и доградба на истата ка и изградба на пречистителна станица.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.12 Дрмени - изградба на куќни приклучоци на изградената фекална канализациона мрежа

Со оваа активност се планира изведба на куќни приклучоци мрежа во Дрмени, изградба на куќни приклучоци и да се превземат активности за ставање во функција на истата.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

4.13 Реконструкција на пречистителна станица во Езерени

Оваа активност предвидува мерки за реконструкција, надградба на пречистителната станица во Езерени, како и поставување на современа мерна и контролна опрема со цел оптимизација на процесот. Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и унапреди животната средина, природата. Правилното управување со фекалните води ќе донесе создавање на предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението заштита на животната средина и развој на туризмот.

4.14 Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 7.540.777,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

4.15 Изведба на атмосферска канализациона мрежа на ул. Иво Лола Рибар ,Општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 8.916.796,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

5. Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта, улици и плоштади, планирано е следното:

5.1 Реконструкција на улици на територија на Град Ресен:

Оваа активност предвидува подготовка на соодветна техничка документација и активности за изградба, реконструкција на локални патишта и улици на територијата на Градот Ресен

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.2 Планирани градежни активности за изградба и одржување на улици во селата на територија на Општина Ресен:

Оваа активност предвидува подготовка на соодветна техничка документација и активности за изградба, реконструкција на локални патишта, улици и плоштади на територијата на селата на Општина Ресен

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.3 Реконструкција плоштад Цар Самоил

Претходно извршена е реконструкција на улицата Мите Богоевски која претставува фаза од реконструкцијата на плоштадот Цар Самоил во Ресен.

Во наредна фаза се предвидува да се реконструира плоштадот Цар Самоил, како и опремување во функција на развој на туризмот и подобрување на туристичката понуда.

Вкупна вредност на инвестицијата 56.302.162,00 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.4 Санација и тампонирање на полски патишта

Оваа активност предвидува тампонирање на пристапни патишта до земјоделски површини.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.5 Реконструкција на дел од локалниот пат Ресен- с.Горно Дупени

Оваа активност предвидува реконструкција на локалниот патниот правец кој ги поврзува Ресен и с.Горно Дупени

Вкупна вредност на инвестиција 17.000.000 денари

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година..

5.6 Реконструкција на дел од локалниот пат с.Горно Перово - с.Долно Перово

Оваа активност предвидува реконструкција на локалниот патниот правец кој ги поврзува с.Горно Перово и с.Долно Перово

Вкупна вредност на инвестиција 7.000.000 денари

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.7 Реконструкција на ул.„Корчуланска‘‘ општина Ресен. Реконструкција на ул.„ Наум Веслиевски‘‘ која е стамбена улица согласно ДУП за УЕ 3 БЛОК 1 град Ресен. Реконструкцијата на ул.„ Наум Веслиевски‘‘ е со цел подобрување на патната инфрастуктура, подобрување на безбедноста во сообраќајот, безбедно на движење на пешаците и подобрување на квалитетт на живеење на жителите на општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 10.000.000,оо денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

5.8 Реконструкција на дел од локална сервисна улица 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 3.630.619,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

5.9 Реконструкција на дел од сервисна улица Иво Лола Рибар, град Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 6.935.352,оо денари.

Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

5.10 Реконструкција на дел од сервисна улица 11 ти Септември, Општина Ресен. Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 5.519.435,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

5.11 Реконструкција на пристапни улици од ул. Јосиф Јосифовски, општина Ресен.
Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 1.383.469,оо денари. Потребните средства за изведување на инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на РСМ. Временска рамка 2027-2029 година.

6.Други комунални работи (Чистење на речните корита)

Оваа активност предвидува чистење на речни корита на територија на Општина Ресен

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од Буџет на Влада, буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година.

7.Локален економски развој и прекугранична соработка

Оваа активност предвидува промоција на мерки за поддршка на претприемништво, подобрување на условите за започнување и водење на бизнис, привлекување на инвестиции, развој на рурален туризам со посебен акцент на јаболкото како дел од ланецот на циркуларна та економија, евиденција, регистрација и стандардизација на туристичката понуда, поддршка на занаетчиството и поддршка на граѓанскиот сектор преку финансирање на микро проекти од интерес на локалното население.

Рурален развој како интегриран и одржлив развој на рурална средина преку запознавање на земјоделците и стопанските субјекти за искористување на средства од програмите за поддршка на руралниот развој, поддршка при аплицирање и комплетирање на потребната документација во националните програми за поддршка на руралниот.

Општина Ресен со својата географска положба има можности за искористување на средства од програмите на ЕУ за прекугранична соработка со Грција и Албанија. Специфични цели на оваа програма се економски развој на пограничните региони; унапредување на инфраструктурата за туризам и транспорт, како и подобрувања на животната средина.

Успешноста за имплементација на ваков тип на проекти е тесно поврзан со воспоставување на прекугранични партнерства и со степенот на обученост и стручност на административните службеници кои работат со оваа проблематика. Со оглед на тоа дека се работи за сложена и комплексна проблематика согласно европски регулативи и стандарди, се предвидува континуирано надградување на капацитетите и стручноста на човечките ресурси во одделението за локален економски развој и прекугранична

соработка, како и одржување и воспоставување на нови прекугранични партнерства.

7.1 Проект: Со прифаќање на поврзана соработка и автоматизирана мобилност до нула емисии преку партнерства од Адрион програмата кратенка (ADCCAM2ZERO)

Проект финансиран од Програмата Интеррег ИПА Адрион, програмски приоритет: Поддршка на позелен и климатски отпорен Јадранско- Јонскиот регион

Проектот се имплементира партнерски од страна на: Универзитет во Патра - Катедра за електротехника и компјутерско инженерство Грција, Агенција за развој на округот Задар ЗАДРА НОВА Хрватска, Универзитетот во Марибор Словенија, Факултет за технички науки Чачак Универзитет во Крагуевац Србија, Универзитет на Источно Сараево Босна и Херцеговина, Факултет за информатички системи и технологии, Универзитет во Долна Горица Црна Гора, Универзитет Полис Албанија, Општина Дропул Албанија, Општина Ресен Северна Македонија.

Општа цел на проектот: ADCCAM2ZERO има за цел да процени придобивките од проширените екосистеми за мобилност во урбани средини, користејќи податоци и технологијата Digital Twins, за да помогне да се оптимизираат инвестициите за максимален ефект.

Очекувани резултати од проектот: Резултат 1: Организации кои соработуваат прекугранично по завршувањето на проектот

Проектот ќе воспостави долгорочна соработка преку формални договори (одлуки, писма на намери, меморандуми), кои ќе бидат потпишани за време или кратко по завршувањето на проектот. Знаењата и искуствата ќе се споделат на национално и регионално ниво. Иницијативата AD-CCAM2ZERO ќе го зајакне капацитетот на сите партнери и ќе изгради поширока мрежа на соработка за постигнување на целите.

Резултат 2: Решенија прифатени или проширени од организации

Моделот Digital ќе овозможи планирање сценарија, следење на емисии и алатки за анализа, користени од донесувачи на политики и оператори. Тој ќе биде центар за размена на знаење и соработка. Механизмот за наградување ќе воведе систем за награди за корисници кои се усогласуваат со политичките цели, како што се користење на возила со ниски емисии.

Очекувани ефекти за Општина Ресен: Подигнување на професионалните капацитети, Размена на искуства и знаења, Воспоставување на центар за размена на знаења, Изработка на промотивен материјал, Набавка на сервер и ИКТ опрема, Набавка на канцелариска опрема за архивирање.

Вкупна вредност на инвестиција 5.100.000 денари

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2028 година.

7.2 Гранична станица во областа на Преспанското Езеро: Воспоставување на граничниот премин помеѓу Грција и Република Северна Македонија во областа на Преспанското Езеро - BorPres2

Проект финансиран од на Програмата за прекугранична соработка Interreg (VI-A) IPA "Грција – Северна Македонија 2021 – 2027, на повик со стратешки фокус на областа Преспа со вкупен буџет на проектот од 7.727.272€.
Проектот е партнерски е имплементиран:

- Регионот на Западна Македонија – Грција (6.276.000€)
- Министерство за внатрешни на Република Северна Македонија – (1.200.000€)
- Општина Преспа – Грција (114.136€)
- Општина Ресен - Република Северна Македонија (114.136€)
- Министерство за внатрешни работи (Сектор Македонија-Тракија) – Грција (23.000€)

Целта на проектот е унапредување на билатералната прекугранична соработка, поттикнување на одржлив регионален развој, потикнување на интегрирана прекугранична развојна област, со цел обезбедување значајни еколошки, социјални и економски бенефити за Преспа прекугранично регион, со посебен акцент на развојот на туризмот.

Проектните активности се насочени кон унапредување на прекуграничната поврзаност и промоција на одржливиот туризам во поширокиот регион на Преспа, со цел продлабочување на соработката и заедничкиот развој помеѓу двете соседни држави.

Предвидените активности ги опфаќаат следните интервенции:

- реконструкција и доградба на постојната административна зграда на граничната полиција на граничниот премин од страна на Маркова Нога, Општина Ресен,
- изградба на нова административна зграда од страна на Лемос, Општина Преспа,
- воспоставување на прекугранична пешачко-велосипедска врска, потикнување и промовирање на интегрирана прекугранична туристичка понуда во Преспа регионот, со цел зголемување на атрактивноста и поттикнување на одржлив економски развој.

Со имплементација проектот BorPres2 се очекува да се придонесе кон промовирање на одржлив развој во пошироката прекугранична област на Преспа.

Во моментов, времето за патување од Општина Лемос до Општина Ресен е приближно 2 часа и 15 минути преку Лерин и Битола преку Граничниот премин Меџитлија.

Со отворањето на новиот Граничен премин Маркова Нога-Лемос се очекува ова време за патување да биде значително намалено на само 35-40 минути што претставува суштинско подобрување на регионалната поврзаност.

Активностите на Општина Ресен се во насока на развој на одржлива инфраструктура пешачки и велосипедски патеки, кои ќе ги поврзат природните богатства и културно-историските споменици од значење во прекуграничниот регион, придонесувајќи кон еколошки и културно ориентиран туризам.

Новиот граничен премин ќе овозможи директна меѓуопштинска поврзаност и непречено патување околу Преспанското Езеро преку три различни држави, што ќе создаде услови за сеопфатна прекугранична интеграција, мобилност и интегрирана туристичка понуда.

Преку промоција на природните, културните и кулинарските особености на Преспанскиот регион, проектот ќе придонесе кон зголемување на туристичкиот интерес од регионален, национален и меѓународен карактер, со што ќе се зајакнат економските текови и ќе се воспостави стабилна основа за долгорочна и инклузивна прекугранична соработка.

Вкупна вредност на инвестиција на Општина Ресен 7.076.406 денари

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.
Временска рамка 2027-2028 година.

7.3 Циркуларно земјоделство за рурален економски развој (CARED)

Проектот: Циркуларно земјоделство за рурален економски развој“ (Circular Agriculture for Rural Economic Development) со акроним CARED се финансира од програмата Cooperation Programme Interreg (VI-A) IPA Greece - North Macedonia 2021 – 2027.
Проектот е партнерски е имплементиран:

- ДИАДИМА (водечки партнер) – Грција (180.966€)
- Општина Преспа (проектен партнер) – Грција (269.500€)
- Општина Ресен (проектен партнер) - Република Северна Македонија (227.625€)
- ЈКП Пролетер(проектен партнер) - Република Северна Македонија (248.300€)

Проектот има за цел да придонесе кон имплементацијата на принципите на циркуларна економија во прекуграничниот регион на Преспа.

Имплементацијата на проектните активности на Општина Ресен ќе придонесат за воспоставување на функционален и одржлив систем за селекција, собирање и транспорт на земјоделскиот отпад од пестициди.

Со проектот се предвидуваат активности за собирањето и транспортот на земјоделски отпад од пестициди на територијата на Општина Ресен.

Активностите ќе се реализираат преку спроведување на теренски истражувања, изработка на локални планови, набавка на соодветна опрема за селекција, собирање и транспорт (набавка на специјализирано возило, набавка на специјализирани контејнери, градежни работи за воспоставување/рехабилитација на собирни пунктови) во согласност со позитивната законска регулатива и согласно принципите на циркуларна економија.

Со имплементација на проектот се предвидуваат едукативни и информативни активности наменети за земјоделците и поширокатa јавност, со цел зголемување на јавната свест за важноста на правилното управување со земјоделскиот отпад.

Јавното комунално претпријатие Пролетер, како партнер во проектот управува со систем за селекција, собирање и управување со органски отпад.

Имплементацијата на проектните активности на ЈКП Пролетер ќе придонесат за ревитализација на системот со градежни работи (ревитализација на пунктови за органски отпад, ревитализација на систем за течен компост, дренажен систем, електрична инсталација, занаетчиски работи) и со набавка на соодветна опрема за ревитализација на системот за селекција, собирање и управување со органски отпад (дробилка за органски отпад, контејнери, трактори, приколки, товарач, мобилни компостери и опрема за пакување).

Вкупна вредност на инвестиција на Општина Ресен 14.112.779 денари.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2028 година.

7.4 Здравствена заштита отворена и инклузивна за сите iCARE

Проектот: „Здравствена заштита отворена и инклузивна за сите“ (Healthcare open and inclusive for all), акроним iCARE се финансира од програмата Cooperation Programme Interreg (VI-A) IPA Greece - North Macedonia 2021 – 2027.

Проектот е партнерски е имплементиран:

- Национална конфедерација на лица со попреченост – Грција (251.360€)
- Трета регионална здравствена управа – Грција (121.874€)
- Општина Преспа – Грција (240.927€)
- Општина Ресен – Република Северна Македонија (158.052€)
- КОСВ Координација на организациите за волонтерски услуги, огранок Прилеп Република Северна Македонија (120.006€)

Проектот има за цел да придонесе за развој на заедничка стратегија за обезбедување инклузивни и достапни здравствени и социјални услуги во домот, во прекуграничниот регион Преспа, со посебен фокус на повозрасни лица, лица со попреченост, хронично болни и пациенти со висок ризик.

Во рамките на проектот, Општина Ресен активно учествува со имплементација на активности кои имаат за цел да придонесат кон воспоставување на функционален и одржлив систем за обезбедување социјални услуги во домот.

Специфичните активности што ги спроведува Општина Ресен во рамки на проектот опфаќаат надградба на постоечката фотонапонска централа поставена на општинската зграда, набавка на две електрични возила, кои ќе бидат користени за обезбедување на услуги во домот, обезбедување на соодветна опрема, потребна за ефикасно спроведување на теренските активности и за унапредување на условите за работа на стручниот тим.

Вкупна вредност на инвестиција на Општина Ресен 9.799.234 денари

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од буџет на Општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2028 година.

8.Заштита на животната средина и природата

Правото на здрава животна средина е фундаментално човеково право. Нема економија без одржливост и одржливи практики во управувањето со деликатната рамнотежа на нашите екосистеми и ублажувањето на еколошката криза со која се соочува нашата планета денес, нема здравје и благосостојба без чиста животна средина. Зачувување, заштита и унапредување на квалитетот на животната средина и квалитетот на животот на луѓето, со цел да се овозможи одржлив економски раст, кој ќе придонесе кон постигнување на глобалните цели за одржлив развој (UN Sustainable Development Goals) согласно Агенда 2030 која претставува: визија кон која се стремиме.

Деградацијата на животната средина и климатските промени се сурова реалност која секојдневно ни се случува. Сè почесто сме сведоци на нарушувањата на животната средина претставени како суши и поплави за кратко време на едно исто место, загадувањето на почвата, воздухот, намалување на квалитетот и квантитетот на водата за пиење и наводнување, изразената ерозија и сл. Промените во природните екоситеми се перманентни и условени како од биотските така и од абиотските фактори. Дополнително, нарушувања се регистрирани од антропогените влијанија.

Република Северна Македонија има донесено голем број законски и подзаконски акти што го регулираат прашањето на животната средина, нејзиното загадување и мониторинг (води, воздух, бучава и управување со отпад). За сите важни медиуми и аспекти на животната средина (вода, воздух, отпад, мониторинг) се донесени национални стратегии со кои се даваат основните насоки за решавање на постојните проблеми и планирање на основните активности во иднина. Едни од најзначајните документи се Првиот и Вториот национален акциски план за животната средина (НЕАП 1 и НЕАП 2), како и Локалните еколошки акциски планови за животна средина (ЛЕАП-и) за општините.

Еден од клучните сегменти во спроведувањето на стандардите на ЕУ, е управувањето со животната средина. Не само што се работи за усогласување и спроведување на едно од најкомплексните и финансиски "најтешките" поглавја на европското законодавство, туку, заштитата на животната средина и рационалното користење на природните ресурси е и еден од трите столба на одржливиот развој.

Исто така, една од темелните вредности на Европската Унија, воспоставена уште со Договорот од Рим (1957 година) е интегрирањето на родовата перспектива во локалните политики и буџети. Интегрирањето на родовата перспектива е стратегија за постигнување редова еднаквост и значи согледување и вклучување на родовите разлики во создавањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката, законите, стратегиите, плановите, кои треба да одговорат на потребите на сите граѓани-жените и мажите, девојчињата и момчињата во делот на заштита на животната средина и природата. Тоа се врши преку родова анализа, родова процена, родови индикатори, обуки и други методи и алатки. Овде може да се наведе и потребата од подигање на јавната свест и подобрување на капацитетите на вработените во јавната администрација за Инструментот за родова еднаквост.

Во контекст на се погоре кажано, делот на заштита на животната средина и природтата предвидува следните развојни компоненти:

- Управувањето со заштитени подрачја;
- Управувањето со отпадот;
- Управувањето со водите;
- Управувањето со амбиентниот воздух;
- Еколошка едукација и подигнување на јавната свест во делот на животната средина и природата во општина Ресен;
- Меѓусекторска и меѓународна соработката на општина Ресен;
- Климатски промрни и управување со климатските промени;
- Изготвување на стратешки и плански документи поврзани со животната средина и природата, климатски промени и родовата еднаквост; и
- Останати активности
  - активно учество во реализација на сите компоненти од проектот "Одржливо управување со отпадот на локално ниво,,
  - поддршка на телата на Преспа паркот и активно учество во креирање на проекти од прекугранично значење, и
  - апликација и имплементација на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори (мерки и активности кои се финансиски

поддржани од ПОНТ, инфраструктурните проекти за водоснабдување и одведнување на отпадните води во регионот на Преспа финансиски поддржани од ВРСМ и др.)

Подетални информации, податоци, мерки и активности, ќе бидат составен дел на предметните програми на Секторот за животната средина за 2027 година.

Потребни средства за инвестицијата ќе се обезбедат од буџет на Владата на Република Северна Македонија, буџет на општина Ресен, домашни и странски донатори.

Временска рамка 2027-2029 година

9.Дигитална инфраструктура и услуги

Дигитализација на услугите на општината и поголема ефикасност е наш врвен приоритет. Во делот на дигиталнта инфраструктура се предвидува поставување на бесплатни Wi-Fi точки, примена на ГИС технологија, имплементирање на систем за електронска пријава на комунални проблеми, воведување на на open data систем за управивање и следење на документи бесплатни курсеви за подигнување на информатичката писменост на лица од ранливите групи на население.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за таа програма, во Буџетот на Општина Ресен за 2027, 2028 и 2029 година, како и со средства обезбедени од националниот буџет, донации од домашни и странски донатори.

Финансиски табеларен приказ во прилог.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-3124/6
13.11.2026 година
Ресен

Претседател
Коста Замановски с.р

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈИ
Развојна потпрограма	Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада	Ознака на развојна потпрограма	ЈИЦ
Лице за контакт	Златко Чаталовски	Тел. и телефакс	071/288-949
Функција:		Е-маил	златко.цхаталовскиЖресен.гов.мк

Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	ОПИС
	Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен. Изведбата на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресене со цел подобрување на квалитетот на живеење на жителите на општина Ресен и заштита на животната средина.

Планирани активности	Подготовка на документација за спроведување на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки, објавување на јавната набавка за Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен, избор на најповолен понудувач, подготовка и склучување на договор за Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен, воведување во работа на изведувачот и отпочнување на градежни активности на терен, завршување на Изведба на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресен.

Очекувани резултати / ефекти	Изведбата на примарна фекална канализациона мрежа со куќни приклучоци на ул. 7 ма Македонска бригада, Општина Ресене со цел подобрување на квалитетот на живеење на жителите на општина Ресен и заштита на животната средина.
Ризик и претпоставки	
Датум на започнување со имплементација на проектот	01.09.2025
Датум на завршување на проектот	31.12.2027
Вкупна вредност	7.536.190,00
Име на студија	
Ниво на студија*	
Автор/Фирма, седиште	
Датум на изготвување на проектна документација	ноем.24

Индикатори	2026	2027	2028	2026
	7.540.777	7.536.190,00		

*ДИП=Документ за идентификација на проектот ПФС=Пред-физибилити студија

ИП = Идеен проект ФС=Физибилити студија

ГП=Главен проект

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

		Динамика на финансирање						
Извор на финансирање	**Статус на финансирање***	**Вкупен износ на проектот во МКД**	**Потрошено заклучно со 31/12/2025**	**Предвидени расходи за 2026**	**2027**	**2028**	**2029**	**По 2029 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)								
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	С	7536190	0	7.540.777	7536190			
Вкупно		7536190		7540777	7536190			

